**ЗАПИСНИК**
**од вторатa седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 03.11.2017 година**

На втората седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 13 часот присуствуваа 19 членови на Советот од вкупно 19 членови колко што брои Советот.

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет ,Ташко Дојчинов ја отвори втората Седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот го стави на гласање записникот од првата констутативна седница одржана на 26.10.2017 и **Советот едногласно го усвои.**

Пред да го прочита претседателот Дневниот ред ,за збор процедурално се јави советникот **Томе Кичуков член на Совет** - "Сакам нешто да информирам бидејќи имам поплаки од граѓаните на општина Гевгелија ,може и вие не сте запознаени ,незнам што е целта на овој анкетен лист што е доставен во ОУ "Владо Кантарџиев" .Значи вчера има доставено анкетен лист ,синоќа јас добив информации ,не сакам оваа лошо да се свати туку само да се провери оваа информација.Има доставено анкет лист кои се анкетирани деца од десет години и мислам дека анкетирање на таа возраст за мене е несоодветно заради тоа што се поставуваат некои прашања што овие деца неможат да ги одговорат и дадено им е овие анкетни листови да ги однесат кај родителите за тие да одговорат на прашањета.Анкетниот лист е составен од прашања кои се збунувачки на пример ,дали имате нешто против доколку припадник на одредена нација од Сирија,Иран,Ирак или Авганистан да дојде во мојата земја како посетител се одговара со да или не ,да живее постојано во мојата земја ,да живее во мојата зграда или соседство,да оди со мене во училиште,да ми биде пријател и да стане член на моето семејство.Сакам само да се провери дали е ова нешто за заплашување или има некоја цел што ние не ја знаеме."

**Ташко Дојчинов претседател на Совет - "**Прво како претседател на Совет го предлагам дневниот ред па прашувам дали има некој за дополнување.Во однос на оваа прашање немам информација меѓутоа во ОУ Владо Кантарџиев има директор кој што веројатно ако имало таква работа требало да го информира Советот и Градоначалникот .Ако немаме официјална информација од училиштето мислам дека е безпредметно да го расправаме ова. Ќе побараме информација од директорката па да знаеме точно за што се работи. **"**

**Томе Кичукиов член на Совет** -"За тоа и е моето укажување ,да се праша и да се види што е работата за да не се проширува по другите училишта тоа е прво а втора работа е што јас се јавив до директорката и добив одговор дека она е запознаена делумно и ова дошло од Центарот за социјални работи па се јавив до директорот на Центарот да го прашам и добив одговор дека и он е запознаен делумно така да не ми е јасно кој е запознаен со овие работи и што е причината што оди оваа по училиштата.Ве замолувам да се праша и да престане ваквото заплашување по училиштата. "

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** – "Ќе добиме официјална информација да видиме од кој е таа анкета па ќе дискутираме."

За работа на втората седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за статут и прописи при Советот на општина Гевгелија,
2. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на општина Гевгелија,
3. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на општина Гевгелија,
4. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Гевгелија,
5. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за здравствена и социјална заштита и заштита на децата при Советот на општина Гевгелија,
6. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за функционирање на системот на локалната самоуправа при Советот на општина Гевгелија,
7. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на општина Гевгелија.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор го стави дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за статут и прописи при Советот на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за статут и прописи при Советот на општина Гевгелија.

Претседателот на Комисијата за прашања на избори и именувања Тодор Ристов зеде збор и образложи дека Комисијата како предлог за претседател на Комисијата за статут и прописи го предлага советникот Ристо Камов а за членови советниците Даниела Иљкова,Тодор Ристов , Елизабета Јаневски и Ангелинка Петкова.

По завршувањето на претресот претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за статут и прописи при Советот на општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои** и за претседател на Комисијата е избран советникот Ристо Камов а за членови советниците Даниела Иљкова,Тодор Ристов , Елизабета Јаневски и Ангелинка Петкова.

**Точка 2. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на општина Гевгелија.

Претседателот на Комисијата за прашања на избори и именувања Тодор Ристов зеде збор и образложи дека Комисијата како предлог за претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина го предлага советникот Тихомир Ручкоманов а за членови советниците Ташко Дојчинов,Тодор Ристов,Андон Сарамандов и Игор Илков.

По завршувањето на претресот претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои** и за претседател на Комисијата е избран советникот Тихомир Ручкоманов а за членови советниците Ташко Дојчинов,Тодор Ристов,Андон Сарамандов и Игор Илков.

**Точка 3. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на општина Гевгелија.

Претседателот на Комисијата за прашања на избори и именувања Тодор Ристов зеде збор и образложи дека Комисијата како предлог за претседател на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој го предлага советникот Магдалена Делковска а за членови советниците Митко Алчинов,Тихомир Ручкоманов,Марија Магдинчева-Шопова и Андон Сарамандов.

По завршувањето на претресот претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои** и за претседател на Комисијата е избран советникот Магдалена Делковска а за членови советниците Митко Алчинов,Тихомир Ручкоманов,Марија Магдинчева-Шопова и Андон Сарамандов.

**Точка 4. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Гевгелија.

Претседателот на Комисијата за прашања на избори и именувања Тодор Ристов зеде збор и образложи дека Комисијата како предлог за претседател на Комисијата за образование, култура и спорт го предлага советникот Елизабета Јаневски а за членови советниците Перо Стојанов,Виктор Кралев,Томе Кичуков и Зоран Лазаровски.

По завршувањето на претресот претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои** и за претседател на Комисијата е избран советникот Елизабета Јаневски а за членови советниците Перо Стојанов,Виктор Кралев,Томе Кичуков и Зоран Лазаровски.

**Точка 5. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за здравствена , социјална заштита и заштита на децата при Советот на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за здравствена , социјална заштита и заштита на децата при Советот на општина Гевгелија

Претседателот на Комисијата за прашања на избори и именувања Тодор Ристов зеде збор и образложи дека Комисијата како предлог за

претседател на Комисијата за детска и социјална заштита и заштита на децата го предлага советникот Ангелинка Петкова а за членови советниците Тихомир Ручкоманов,Елизабета Јаневски,Даниела Иљкова и Трајче Арџанлиев.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет**- "една мала корекција ,во Предлог-Решението има една мала техничка грешка во називот на комисијата.Правиот назив на комисијата е Комисија за здравствена , социјална заштита и заштита на децата а во предлог решението е малку изменето и треба да се направи корекција."

По завршувањето на претресот претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на децата при Советот на општина Гевгелија со исправката и **Советот едногласно го усвои** и за претседател на Комисијата е избран советникот Ангелинка Петкова а за членови советниците Тихомир Ручкоманов,Елизабета Јаневски,Даниела Иљкова и Трајче Арџанлиев.

**Точка 6. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за функционирање на системот на локалната самоуправа при Советот на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за функционирање на системот на локалната самоуправа при Советот на општина Гевгелија.

Претседателот на Комисијата за прашања на избори и именувања Тодор Ристов зеде збор и образложи дека Комисијата како предлог за претседател на Комисијата за функционирање на системот на локалната самоуправа го предлага советникот Митко Алчинов а за членови советниците Перо Стојанов,Магдалена Делковска,Зоран Лазаровски и Игор Илков.

По завршувањето на претресот претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за функционирање на системот на локалната самоуправа при Советот на општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои** и за претседател на Комисијата е избран советникот Митко Алчинов а за членови советниците Перо Стојанов,Магдалена Делковска,Зоран Лазаровски и Игор Илков.

**Точка 7. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на општина Гевгелија

Претседателот на Комисијата за прашања на избори и именувања Тодор Ристов зеде збор и образложи дека Комисијата како предлог за претседател на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите го предлага советникот Марија Магдинчева-Шопова а за членови советниците Даниела Иљкова,Магдалена Делковска,Снежана Ташевски и Ристо Камов.

По завршувањето на претресот претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои** и за претседател на Комисијата е избран советникот Марија Магдинчева-Шопова а за членови советниците Даниела Иљкова,Магдалена Делковска,Снежана Ташевски и Ристо Камов.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет-** Со ова го исцрпивме дневниот ред меѓутоа пред да ја завршиме денешната седница му давам збор на градоначалникот да се обрати до Советот.

**Сашо Поцков градоначалник на општината** –Најпрвин иако е оваа втора седница сакам да ви ја честитам на сите верификацијата на мандатот ,еве денес ги ставивме и комисиите во функција така да од наредната седница сметам дека Советот на општина Гевгелија ќе може да работи со полна пареа и да извршува одредени активности кои ќе бидат во интерес на граѓаните.Пред нас е 7-ми Ноември денот на ослободувањето на општина Гевгелија и воедно ве поканувам сите заедно да го прославиме овој ден . Активностите започнуваат уште вечерва се до 7-ми Ноември денот кога има свечен прием и ги пречекуваме нашите гости од збратимените градови,сите претставници од институциите и граѓаните ,заедно да се дружиме а понатаму не чека работа.Се надевам дека ќе имаме успешна соработка во четиригодишниот мандат и дека на крајот сите сме тука во функција и во интерес на граѓаните .

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**